# КОЛКАВО Е НИВОТО НА РЕАКТИВНОСТ И ПРОАКТИВНОСТ

## кај јавните институции во РСМ во 2021 година

**ИНСТИТУЦИИТЕ ОБЕЗБЕДУВААТ ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ НА БАРАЊЕ НА ЈАВНОСТА ОТКОЛКУ ИСТИТЕ ДА ГИ ОБЕЗБЕДАТ САМОИНИЦИЈАТИВНО**

**1.**
**Секоја јавна институција да направи преглед на информации кои од нив се бараат во постапки за слободен пристап до информации од јавен карактер и истите да ги објави јавно, со цел се намалат бирократските постапки и да се овозможи непречен и тековен пристап до информации од јавен карактер**

**2.**
**Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер да го фацилитира процесот и на сите иматели на информации да им помогне да направат проценка на информациите со кои располагаат и кои од нив најчесто се бараат, а врз основа на тоа да подготви план за објавување на овие информации**

**ФИСКАЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ВООПШТО ТРАНСПАРЕНТНОСТА ВО РАБОТЕЊЕТО НА ЈАВНИТЕ ИНСТИТУЦИИ** треба да претставуваат основен принцип и вредност на секоја земја/Влада во светот со кој ќе се осигури поголема доверба во стабилноста на земјата и поголеми инвестиции и развој.

**РЕАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** претставува обезбедување на информации на барање на јавноста и таа се мери преку анализа на постапките за пристап до информации од јавен карактер, за секоја институција поодделно. Работењето на секоја институција се однесува од аспект на осум параметри и тоа: број на добиени одговори во редовна постапка; број на добиени нецелосни одговори во редовна постапка; број на одбиени или пак запрени постапки од страна на имателите на

информации од јавен карактер; број на барања по кои имателите молчеле; број на доставени жалби до имателите на информации од јавен карактер; број на жалби по кои е добиен одговор; просечен период на добивање на одговор на доставени барања за пристап до информации од јавен карактер во редовна и жалбена постапка; просечен период на добивање на одговор во жалбена постапка поради незадоволство од добиениот одговор.

**ПРОАКТИВНАТА ТРАНСПАРЕНТНОСТ** претставува доброволно објавување на информации и документи од страна на институциите, и таа се мери преку мониторинг на објавувањето или необјавување на клучни документи и информации, како: стратегија за работа; годишни програми; буџетски календар; пред – буџетска изјава; граѓански буџет; предлог буџет и усвоен буџет; предлог измените и усвоените измени и дополнувања на буџетот; буџетски документи во отворен формат (xml и excel); месечни извештаи за извршување на буџет; полугодишен извештај за извршување на буџет; завршната сметка на буџетот; ревизорскиот извештај; податоци за лицето назначено за посредување на информации од јавен карактер и листата на информации од јавен карактер.

Во 2021 година, како и во изминатите осум години, јавните институции објавуваат повеќе информации на барање на јавноста, отколку истите да самоиницијативно да ги објават на своите интернет страници. Во 2021 година, како и во изминатите осум години, Министерството за здравство е институција која објавува мал број на информации и документи за своето работење и не ги следи во целост обврските кои произлегуваат од Законот за слободен пристап до информации од јавен кратер. Институтот за јавно здравје пак, обезбедува податоци доколку некој официјално поднесе барање за пристап до информации, но истите самостојно не ги објавува. Исто како и Институтот, и Центарот за јавно здравје од Скопје, обезбедува повеќе информации по барање на јавноста, отколку истите самостојно да ги стави да бидат достапни за јавноста. Центарот за јавно здравје од Кочани, во 2021 година се соочува со одредени проблеми во обезбедување на информации во постапка за слободен пристап до информации, но обезбедува информации при вакви постапки. Во исто време, не објавува податоци за своето работење пред јавноста.

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА РЕАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

### НЕТРАНСПАРЕНТЕН

нетранспарентна институција е онаа што има одговорено на помалку од 80 % од барањата во редовна постапка; има над 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок подолг од 41 ден од денот на поднесување на барањата.

### ДЕЛУМНО ТРАНСПАРЕНТЕН

делумно транспарентна институција е онаа што има одговорено на 81 – 90 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0,1 – 1 % нецелосни одговори, одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 31 до 40 дена од денот на поднесување на барањата.

### ТРАНСПАРЕНТЕН

транспарентна институција е онаа што има одговорено на 91 до 100 % од барањата во редовна постапка; има помеѓу 0 – 0,1% нецелосно одговори; 0 % одбиени барања и молчење, а одговорите ги доставила во рок од 0 до 30 дена од денот на поднесувањето на барањата.

## ЛЕГЕНДА ЗА МЕРЕЊЕ НА НИВОТО НА ПРОАКТИВНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ:

### ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО НЕ ОБЈАВУВА ИНФОРМАЦИИ

институција што проактивно не објавува информации е онаа институција што има освоено под 6 поени или пак објавила помалку од 40 % од мониторираните документи.

### ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА САМО ДЕЛ ОД ИНФОРМАЦИИТЕ

делумно проактивна е онаа институција што има освоено помеѓу 7 и 12 поени или има објавено од 41 до 75 % од мониторираните документи.

### ИНСТИТУЦИЈА ШТО ПРОАКТИВНО ОБЈАВУВА НАЈГОЛЕМ БРОЈ ИНФОРМАЦИИ

институција што проактивно објавува документи и информации е онаа институција што има освоено помеѓу 12 и 16 поени и ги има објавено речиси сите мониторирани документи.

| Назив на институција | 2014 година | | 2015 година | | 2016 година | | 2017 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност |
| Министерство за здравство | ☆ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | ☆ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | ☆ | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Скопје | ☆ | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ☆ | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |

| Назив на институција | 2018 година | | 2019 година | | 2020 година | | 2021 година | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност | Оцена на реактивна транспарентност | Оцена на проактивна транспарентност |
| Министерство за здравство | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (red) | ★ (red) |
| Институт за јавно здравје | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Здравствен дом Скопје | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | *интернет страницата не е во функција* |
| Центар за јавно здравје Скопје | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) |
| Центар за јавно здравје Кочани | ★ (red) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) | ★ (green) | ★ (red) | ★ (yellow) | ★ (red) |

ЗДРУЖЕНИЕ ЗА ЕМАНЦИПАЦИЈА, СОЛИДАРНОСТ И ЕДНАКВОСТ НА ЖЕНИТЕ